Република македонија
Државна изборна комисија
Бр 07-4931/5
27 февруари 2014 година

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11 – Пречистен текст, 142/12, 14/14 и 32/14 –Пречистен текст), Државната изборна комисија на седницата одржана на 27 февруари 2014 година, донесе

# УПАТСТВО
## за примена на член 111 од Изборниот законик
## -за болни и немоќни лица-
## -пречистен текст-

<u>член 111 од Изборниот законик</u>

(1) Избирачот кој не е во можност да гласа на гласачкото место (немоќно или болно лице според упатството на Државната изборна комисија), а сака да гласа, за тоа ќе ја извести општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје најдоцна седум дена пред денот определен за гласање.
(2) Даденото известување од ставот (1) на овој член се однесува и на првиот и на вториот круг на гласање.
(3) Известувањето од ставот (1) на овој член може да се даде и преку полномошник.
(4) Избирачкиот одбор на лицето од ставот (1) на овој член ќе му овозможи да гласа во неговиот дом еден ден пред одржувањето на изборите на начин со кој се обезбедува тајноста на гласањето.
(5) Избирачкиот одбор за гласањето од ставот (3) на овој член обезбедува посебна кутија за гласање која се носи празна во домот каде што се наоѓа избирачот.
(6) Гласањето од ставот (3) на овој член избирачкиот одбор го внесува во записникот.
(7) За денот и часот на гласањето од ставот (3) на овој член претседателот на општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје писмено ги известува претставниците на подносителите на листите.

1. Под немоќно или болно лице се подразбира лицето кое не е во можност да ги врши основните животни потреби (не е во можност да се движи во станот ниту со користење на соодветни помагала, да одржува основна лична хигиена, да се облекува, да зема храна, ниту да врши други дејства за задоволување на основните животни потреби), односно лицето е неподвижно, потполно слепо, заболено од дистрофија или сродни мускулни или нервно мускуларни заболувања, церебрална или детска парализа или параплегија.

2. Известувањето дека лицето од ставот 6 на член 111 од Изборниот законик, сака да гласа, се доставува до општинската изборна комисија во местото каде лицето има постојано живеалиште. Покрај известувањето до општинската изборна комисија треба да се достави во оригинал и медицински доказ или решение за користење на туѓа нега од трето лице за болестите наведени во точка 1 од ова Упатсво. Гласањето ќе го спроведе Избирачкиот одбор каде лицето е запишано во изводот од избирачкиот список за соодветното избирачко место.

3.Избирачот које болно и немоќно лице може да гласа и во домот на блиско лице на адреса различна од адресата на живеење во документот за лична идентификација, под услов таа адреса да се наоѓа во територијата на општината каде избирачот гласа. Во тој случај, во известувањето доставено до ОИК треба да се наведе и адресата каде се наоѓа лицето.

4. Општинската изборна комисија врши електронска проверка во Избирачкиот список на сите уредно пријавени болни и немоќни лица.

По извршената проверка Општинската изборна комисија ќе состави список на сите уредно пријавени немоќни или болни лица кои се наоѓаат во избирачкиот список и примерок од истиот ќе достави до Државната изборна комисија.

5. Пред започнување на гласањето на болните и немоќни лица, избирачкиот одбор од кочанот откинува онолку гласачки ливчиња колку што има евидентирано болни и немоќни лица за соодветното избирачко место, а кочанот не смее да го носи со себе на гласањето.

6. При спроведувањето на гласањето на болните и немоќни лица, избирачкиот одбор ја користи гласачката кутија која му е предадена од општинската изборна комисија за ова гласање и истата ќе је користи и на денот на изборите.

Избирачкиот одбор со себе го носи и изводот од избирачкиот список на кое болното и немоќното лице се потпишува.

7. Капакот на гласачката кутија за гласањето на болните и немоќни лица, мора да биде запечатен со нумерирани сигурносни пластични ленти од двете страни, пред да започне гласањето.

8. Гласачкото ливче, болното и немоќно лице по завршеното гласање го превиткува, го става во посебен плик, го залепува и така залепен го пушта во гласачката кутија.

9. По завршеното гласање, пликовите со гласачките ливчиња остануваат во гласачката кутија а отворот на капакот од гласачката кутија се запечатува со нумерирана сигурносна пластична лента.

Изводот од избирачкиот список се става во проѕирна пластична кеса заедно со кочанот од гласачките ливчиња, кесата се запечатува со нумерирана сигурносна лента.

10. Доколку по завршувањето на гласањето на болните и немоќни лица останат неупотребени гласачки ливчиња, истите не смеат да се користат за гласање на денот на изборите, на нив им се откинува десниот долен агол и се чуваат во посебен плик. При сумирањето на резултатите неупотребените ливчиња се евидентираат заедно со останатите неупотребени ливчиња од гласањето на денот на изборите.

11. На денот на изборите, пред почетокот на гласањето, гласачката кутија се отвора, се вадат пликовите и поединечно се отвораат, гласачките ливчиња се ставаат во испразнетата гласачката кутија без да се види за кого е гласано. На крајот, гласачка кутија се запечатува со нумерирани сигурносни пластични ленти од двете страни на капакот.

12. Избирачкиот одбор не смее да им дозволи да гласаат на денот на изборите на оние болни и немоќни лица кои претходниот ден одбиле да гласаат или пак не биле најдени во својот дом.

13. Избирачкиот одбор кој го спроведува гласањето за болни и немоќни лица е должен да води евиденција за тоа кој од евидентираните болни и немоќни лица одбил да гласа односно не бил најден дома. Оваа евиденција избирачкиот одбор ја приложува кон изводот од избирачкиот список на кој се гласа.

14. Со денот на стапување во сила на ова упатство престанува да важи: Упатството за примена на член 111 од Изборниот законик бр.11-684/1 од 14.02.2013 година.

15. Ова упатство стапува на сила со денот на донесувањето.

16. Ова упатство се објавува на веб страницата на Државната изборна комисија

НАПОМЕНА: Им се укажува на општинските изборни комисии при прифаќањето на барањето за гласање на болно и немоќно лице да обрнат посебно внимание и да проверат дали во приложената документација се наведени причините од точките 1 и 2 на ова Упатство

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Никола Рициоски